Врз основа на чл. 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13 и 187/13, 113/14,20/2015, 33/2015, 72/2015; 129/2015 и 27/2016), Стопанската комора на Македонија, објавува

**О Г Л А С**

**за вработување на референт за прием на странки во Службата за оперативни работи во рамките на Дирекцијата на други форми на организирање и работење при Комората во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија**

Стопанската комора на Македонија има потреба од вработување на определено време (три месеци), со можност за постојано вработување, на еден извршител на работно место - **референт за прием на странки**, во Службата за оперативни работи во рамките на Дирекцијата на други форми на организирање и работење при Комората во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

Опис на работни задачи:

- Писмена евиденција за движењата на странки во објектот на Стопанската комора на Македонија;
- Упатување на странките до соодветните простории за одржување на состаноци во Комората;
- Врши увид во камерите - во реално време;
- Прави обиколка и ја контролира исправноста на електричната и водоводната инсталација и парното греење во зградата на Комората и во случај на неисправност на истите веднаш пријавува до непосредниот раководител и надлежните служби.

Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

- завршено средно образование III / IV степен;
- познавање англиски јазик;
- познавање на работа со компјутери (Microsoft Outlook, Microsoft Word, Microsoft Excel);
- комуникативна, одговорна, совесна и доверлива личност.

Работното време е 40 часа неделно, во **две смени од понеделник до петок.**

Основна **месечна нето плата изнесува 17.423,00 денари**.

Кандидатите треба во прилог на апликацијата да достават кратка биографија и мотивационо писмо, копија од диплома за завршено средно образование, копија

од сертификат за познавање англиски јазик и сертификат за познавање на работа на компјутери, на следната адреса:

*Стопанска комора на Македонија*
*ул. Димитрие Чуповски бр. 13 - Скопје*
***или***
***наведените документи во скенирана форма на следната е - адреса:***
***ana@mchamber.mk***

Контакт: Ана Стерјовска , тел: 02/ 3 244 037.

Рокот за пријавување до 08.06.2018 година.

Изборот ќе се изврши најдоцна во рок од 30 дена по истекот на рокот за пријавување.

Некомплетната документација и документацијата доставена по истекот на рокот за аплицирање нема да биде разгледувана.

На интервју ќе бидат повикани само апликантите кои ќе влезат во потесен круг.

Бр. 04-782/1
22-05..2018 година
С к о п ј е